| 108 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **300.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 300.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 109 | **425** | **Договорни услуги** | **500.000** | **143.747** | **43.244** | **8,65%** | **30,08%** |
| | 425990 | Други договорни услуги | 500.000 | 143.747 | 43.244 | 8,65% | 30,08% |
| 110 | **481** | **Градежни објекти** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 111 | **482** | Други градежни објекти | **2.300.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 482930 | Реконструкција на други објекти | 2.300.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **26.650.000** | **218.465** | **292.838** | **1,10%** | **134,04%** |
| | **Н1** | **Основно образование** | **500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 112 | **420** | **Патни и дневни расходи** | **220.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 420130 | Патување во земјата - сместување | 20.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 420220 | Патување во странство - патни расходи | 200.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 113 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **50.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 423990 | Други материјали | 50.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 114 | **425** | **Договорни услуги** | **150.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 425760 | Превозни услуги во образованието | 150.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 115 | **426** | **Други тековни расходи** | **80.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 80.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | **V1** | **Детски градинки** | **1.120.000** | **218.465** | **292.838** | **26,15%** | **134,04%** |
| 116 | **420** | **Патни и дневни расходи** | **430.000** | **64.850** | **121.538** | **28,26%** | **187,41%** |
| | 420220 | Патување во странство - патни расходи | 145.000 | 34.100 | 61.028 | 0,00% | 178,97% |
| | 420230 | Патување во странство - сместување | 285.000 | 30.750 | 60.510 | 21,23% | 196,78% |
| 117 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **230.000** | **77.715** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 230.000 | 33.285 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 423610 | Наставно образовни помагала | 0 | 44.430 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 118 | **425** | **Договорни услуги** | **430.000** | **73.800** | **162.900** | **37,88%** | **220,73%** |
| | 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | 200.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 425990 | Други договорни услуги | 230.000 | 73.800 | 162.900 | 0,00% | 220,73% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 119 | **426** | **Други тековни расходи** | **30.000** | **2.100** | **8.400** | **28,00%** | **400,00%** |
| | 426410 | Објавување на огласи | 10.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 20.000 | 2.100 | 8.400 | 42,00% | 400,00% |
| | **G1** | **Поддршка на локалниот економски развој** | **1.200.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 120 | **426** | **Други тековни расходи** | **1.200.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 1.200.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | **Ј7** | **Одржување и користење на зеленило** | **350.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 121 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **350.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 424590 | Одржување на други зелени површини | 350.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | **ФД** | **Уредување на простор во руралните подрачја** | **10.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 122 | **482** | **Градежни објекти** | **10.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 2.400.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 7.600.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | **Е0** | **Општинска администрација** | **12.480.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 123 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 423990 | Други материјали | 1.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 124 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **11.480.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 424210 | Одржување на згради | 7.480.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 424440 | Поправки и одржување на расходи | 4.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | **ЕА** | **Капитални трошоци на општината** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 125 | **480** | **Купување на опрема и машини** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 480190 | Купување на друга опрема | 1.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКИВНОСТИ** | **45.470.000** | **5.839.486** | **5.278.241** | **11,61%** | **90,39%** |
| | | **РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ ОСН. ОБРАЗОВАНИЕ** | **16.500.000** | **1.253.491** | **1.181.155** | **7,16%** | **94,23%** |
| 126 | **420** | **Патни и дневни расходи** | 300.000 | 27.600 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 127 | **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 600.000 | 15.311 | 33.366 | **5,56%** | **217,92%** |
| 128 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | 3.500.000 | 395.794 | 541.844 | **15,48%** | **136,90%** |
| 129 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | 2.500.000 | 185.089 | 39.828 | **1,59%** | **21,52%** |
| 130 | **425** | **Договорни услуги** | 2.000.000 | 251.610 | 281.059 | **14,05%** | **111,70%** |
| 131 | **426** | **Други тековни расходи** | 1.800.000 | 302.634 | 285.058 | **15,84%** | **94,19%** |
| 132 | **480** | **Купување на опрема и машини** | 1.500.000 | 75.453 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 133 | **481** | **Градежни објекти** | 100.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 134 | **482** | **Други градежни објекти** | 3.400.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 135 | **483** | **Купување на мебел** | 800.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ СОЦ. ЗАШТИТА** | **28.970.000** | **4.585.995** | **4.097.086** | **14,14%** | **89,34%** |
| 136 | **420** | **Патни и дневни расходи** | 160.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 137 | **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 6.000.000 | 1.202.647 | 1.009.144 | **16,82%** | **83,91%** |
| 138 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | 14.000.000 | 2.337.084 | 2.421.049 | **17,29%** | **103,59%** |
| 139 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | 3.000.000 | 181.215 | 416.463 | **13,88%** | **229,82%** |
| 140 | **425** | **Договорни услуги** | 1.000.000 | 70.595 | 101.337 | **10,13%** | **143,55%** |
| 141 | **426** | **Други тековни расходи** | 1.000.000 | 96.221 | 149.093 | **14,91%** | **154,95%** |
| 142 | **480** | **Купување на опрема и машини** | 1.200.000 | 7.500 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 143 | **482** | **Други градежни објекти** | 1.210.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 144 | **483** | **Купување на мебел** | 500.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 145 | **486** | **Купување на возила** | 900.000 | 690.733 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД КРЕДИТИ** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | **ЈИ** | **Изградба на системи за отпадни води** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | **ЈИЦ** | **Изградба на системи за одв. И преч. На отпадни води за Јурумлери** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 146 | 481 | **Градежни објекти** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 482320 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 25.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

За финансирање на **Програмата на Советот на Општината** планирани се расходи во висина од **8.000.000,00** денари. Во периодот јануари-март 2017 година се потрошени вкупно 1.430.622,00 денари или 17,88% во однос на планот. Од овие средства најголем дел беа искористени за исплата на:

- надоместоци на советниците во износ од 1.280.524,00 денари или 21,52% во оснос на планот,
- персонален данок на исплатениот надоместок на советниците во вкупен износ од 142.598,00 денари односно со 21,94% во однос на планираните,

Расходите кои во периодот јануари-март 2017 година беа извршени за финансирање на активностите на **Програмата на Градоначалникот** во износ од **662.279,00** денари, во однос на планираните средства во висина од 8.110.000,00 денари беа остварени со индекс од 8,17%. Расходите за репрезентација се со индекс од 0,33%, трасфери при пензионирање во износ од 270.272,00 денариили 27,03% во однос на планот, еднократна парична помош и помош во натура со 6,39% во однос на планот а останатите видови на расходи во овој период се извршени пониско од планираното извршување, а кај дел од планираните трошоци воопшто немаме извршување.

Расходите за финансирање на **Програмата за Општинската администрација** се во износ од **26.750.308,00** денари и истите се остварени со 21,60% во однос на предвидените со Буџетот за 2017 година кои изнесуваат 123.820.000,00 денари.

По одделни видови на расходи по подставки во рамките на оваа програма реализирано е следното повисоко извршување на расходите и тоа:

- Патување во странство во износ од 43.087,00 денари односно 28,72%,
- Ѓубретарина во износ од 111.755,00 денари односно 37,25%,
- Централно греење во износ од 203.164,00 денари односно 50,79%,
- Течни горива во износ од 759.990,00 денари односно 50,67%,
- Списанија и весници во износ од 193.659,00 денари односно 38,73%,
- Поправка на хардверска и софрверска опрема во износ од 352.250,00 денари односно 78,28%,
- Изнајмување на др.тип на простор во износ од 510.965,00 денари односно 85,16%,
- Други договорни услуги во износ од 186.339,00 денари односно 42,35%,
- Членарини во домашни организации во износ од 212.978,00 денари односно 53,24%,
- Други оперативни расходи во износ од 594.675,00 денари односно 29,73%,
- Привремени вработувања во износ од 1.395.394,00 денари односно 34,88%,
- Трансфери до здруженија на граѓани и фондации во износ од 338.000,00 денари односно 42,25%,
- Трансфери при пензионирање износ од 45.530,00 денари односно 30,35%,
- Отплата на главница на долгорочни позајмувања во износ од 6.877.919,00 денари односно 49,13%,

Во **Програмата на капиталните трошоци на општината** за периодот јануари-март 2017 година се реализирани расходи во вкупен износ од **332.806,00** денари кои во однос на планираните се остварени со индекс од 1,78%, од кои најголем дел се однесуваат на плаќање на расходите за:

- купување на опрема за греење и климатизација во износ од 6.598,00 денари со индекс од 0,28% во однос на планираните,
- купување на моторни возила во износ од 326.208,00 денари со индекс од 2,94% во однос на планираните.

За финансирање на **Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот** (Ф1, Ф2, ФА и ФД) се потрошени вкупно **42.869.968,00** денари или 15,83% во однос на планираните за 2017 година кои изнесува 270.800.000,00 денари. Во рамките на оваа програма реализирани се следниве трошења по подпрограми:

- Урбанистичко планирање со реализација од 2.400.329,00 денари со индекс од 11,43% во однос на планираните,
- кај Уредување на градежно земјиште со реализација од 305.171,00 денари со индекс од 20,34% во однос на планираните,
- Уредување на градежно земјиште (капитални инвестиции) се реализирани во износ од 40.164.468,00 денари со индекс од 18,40% во однос на планираните.

Во **Програмата за поддршка на локалниот економски развој** реализирани се расходи во вкупен износ од **741.810,00** денари кои во однос на планираните се остварени со индекс од 8,26%.

Расходите извршени за **Пограмата за комунални дејности** за периодот јануари-март 2017 година бележат извршување во износ од вкупно **23.672.198,00** денари или со 9,59% во однос на планот кој изнесува 246.860.000,00 денари. Во рамките на оваа програма кај подпрограмите:

- Јавно осветлување се извршени расходи во износ од 7.713.749,00 денари со индекс од 16,02%;
- Јавна чистота се извршени расходи во износ од 1.972.320,00 денари со индекс од 21,39%;
- Одржување и заштита на локалните патишта се извршени расходи во износ од 12.163.336,00 денари со индекс од 13,23%;
- Одржување и користење на зеленило нема остварени расходи,
- Други комунални услуги се извршени расходи во износ од 1.604.865,00 денари со индекс од 24,69%;
- Изградба на јавно осветлување со остварени расходи во износ од 217.928,00 денари со индекс од 1,68%;
- Изградба и реконструкција на локални патишта нема остварени расходи,
- Подпрограмата изградба на системи за отпадни води се извршени расходи во износ од 5.000.000,00 денари со индекс од 7,35% и
- Потпрограмата урбана опрема нема остварени расходи.

Расходите за **Пограмата за култура** бележат извршување во износ од вкупно **2.040.976,00** денари во однос на планот за 2017 година кој изнесува 8.510.000,00 денари. Кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво има трошење во износ од **490.976,00** денари или 9,80% во однос на планираните, додека кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) имаме реализиран расход во износ од 1.550.000,00 денари или 44,29% во однос на планот.

Кај Програмата **Спорт и рекреација** се извршени расходи во износ од **1.090.867,00** денари со индекс од 9,55% во однос на планираните 11.420.000,00 денари. Кај подпрограмата Л0 имаме реализација од 24,68% или 1.090.867,00 денари во однос на планираните 4.420.000,00 денари, додека кај Потпрограмата Спорт и рекреација (капитални трошоци) немаме трошења.

Кај Програмата В – **Социјална заштита и заштита на деца**, во рамките на основниот буџет, се бележи реализација од **693.777,00** денари и истете се однесуваат на реализација на активностите за еднократна парична помош и помош во натура транспорт на луѓе и трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за 2017 година може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите за финансирање на активностите на основните

училишта и детските градинки. Во овој период основните училишта и детските градинки реализираа расходи во вкупен износ од **80.361.098.00** денари, односно 21,94% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од **63.119.999,00** денари, односно 21,90% од планираните расходи, а во детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од **17.241.099,00** денари, односно со индекс од 22,07%.

**Расходите од донации** во првиот квартал на 2017 година се реализирани во износ од **292.838,00** денари или 1,10% во однос на планот.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од **5.278.241,00** денари или 11,61% во однос на планираните 45.470.000,00 денари.

Кај расходите од кредити не се реализирани расходи во овој квартал.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-март 2017 година може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните.

Во прилог на оваа информација се дава и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-март 2017 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за лекување во Сојузна Република Германија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2212/7**
**од 04.07.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.17/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на државниот службеник од општинската администрација на Општина Гази Баба - Лидија Крстеска, бр.09-2084/1 од 21.06.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на Шеесеттата седница одржана на ден 30.06.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба го усвојува барањето на државниот службеник од општинската администрација на Општина Гази Баба - Лидија Крстеска, бр.09-2084/1 од 21.06.2017 година, за одобрување на финансиски средства за покривање на дел од трошоците за лекување во Сојузна Република Германија.

**Член 2**

За реализација на барањето од членот 1 на оваа одлука, се одобруваат средства во износ од **200.000,00** денари (двестеиљјадиденари), кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година, Програма АО - Совет на општина, ставка 413 - тековни резерви.

**Член 3**

Се задолжува државниот службеник Лидија Крстеска, за реализација на одобрените средства да достави извештај до Советот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2118/9**
**од 30.06.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА ПРВА ФАЗА ОД ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК И ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА ЗА СЕЛО РАШТАК"**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак и изградба на резервоар за висока зона за село Раштак", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2212/8**
**од 04.07.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеесеттата седница одржана на ден 30.06.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА ПРВА ФАЗА ОД ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК И ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА ЗА СЕЛО РАШТАК"**

**Член 1**

Во Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак и изградба на резервоар за висока зона за село Раштак" (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/17), во член 3 бројот "2.000.000,00" се заменува со бројот **"3.000.000,00"**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2118/10**
**од 30.06.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКИТЕ ПАТЕКИ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА**

1. Се објавува Одлуката за давање овластување на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2212/9**
**од 04.07.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Повикот за изразување на интерес - Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) - инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите ЛРЦП-1/17 и Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион" (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/17), Советот на Општина Гази Баба на Шеесеттата седница одржана на ден 30.06.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКИТЕ ПАТЕКИ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба му дава овластување на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје, за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора.

**Член 2**

Планинските патеки од членот 1 на оваа одлука - вкупно 5 (пет), се наоѓаат на подрачјето на Општина Гази Баба во делот на Скопска Црна Гора и тоа:

- 2 (две) планински патеки се наоѓаат во КО Цршево,
- 2 (две) планински патеки во КО Раштак и
- 1 (една) планинска патека во КО Булачани.

**Член 3**

Овластувањето за одржување на планиските патеки од членот 1 на оваа одлука, е во функција на исполнување на условите за аплицирање по однос на Повикот за изразување на интерес - Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) - инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите ЛРЦП-1/17.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2118/11**
**од 30.06.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ, ПОМЕЃУ ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА (СДЦ) - АМБАСАДА НА ШВАЈЦАРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на договор за уредување на меѓусебните односи, помеѓу Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) - Амбасада на Швајцарија во Република Македонија и Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2212/10**
**од 04.07.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.52/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеесеттата седница одржана на ден 30.06.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ, ПОМЕЃУ ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА (СДЦ) - АМБАСАДА НА ШВАЈЦАРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба дава согласност за склучување на договор за уредување на меѓусебните односи, помеѓу Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) - Амбасада на Швајцарија во Република Македонија и Општина Гази Баба (во натамошниот текст: договорни страни), со следниот текст којшто гласи:

''ДОГОВОР
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ

Склучен на ден _________ 2017 година, помеѓу:

1. Швајцарската Конфедерација претставувана од Швајцарското Федерално Министерство за Надворешни Работи, кое дејствува преку Швајцарската Агенција за развој и соработка (СДЦ) – Амбасада на Швајцарија во Република Македонија, со седиште на ул.”Максим Горки” бр. 19, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: **“СДЦ”**); и

2. Општина Гази Баба, со седиште на бул.”Александар Македонски” бб, 1000 Скопје, со ЕМБС 6032575, застапувана од г-дин Тони Трајковски како градоначалник (во понатамошниот текст: **“Општина Гази Баба”**),

кои заедно во понатамошниот текст меѓусебно се нарекуваат **“Страни”**.

**КАДЕ ШТО:**

- СДЦ, Општина Гази Баба и Центар за институционален развој ЦИРа (во понатамошниот текст: **“ЦИРа”**) на ден 07.06.2013 година имаат склучено договор во врска со придонесите и одговорностите на трите страни во спроведувањето на Форум во Општина Гази Баба за периодот од јуни 2012 година до октомври 2013 година (во понатамошниот текст: **“Трипартитен договор”**).
- СДЦ и ЦИРа на ден 30.05.2012 година имаат склучено договор број 81015281 за имплементација на проект Форум во општините Гази Баба и Валандово (во понатамошниот текст: **“Договор за имплементација на проект”**).

- Обврската на СДЦ согласно Трипартитниот договор за финансирање на проектот за Општина Гази Бабае целосно исполнета со тоа што истата го плати износот од 2.400.000,00 денари на сметката на ЦИРа за цели на проектот.
- ЦИРа ја нема исполнето својата обврска согласно Трипартитниот Договор и износот од 2.400.000,00 денари кој е уплатен од страна на СДЦ за целите на проектот не е направен достапен од страна на ЦИРа согласно Трипартитниот Договор.

• Општина Гази Баба има заведено судска постапка против ЦИРа за побарување во износ од 2.400.000,00 денари, која постапка е завршена со правосилна и извршна пресуда на Основен суд Скопје 4 ТС 361/15 од 16.05.2016 година. Врз основа на пресудата Општина Гази Баба има побарување од ЦИРа во износ од 2.400.000,00 денари со камата, како и процесни трошоци во износ од 95.836,00 денари (во понатамошниот текст: **"Побарувањето"**)

• Заедничка намера на Страните на овој Договор е уредување на меѓусебните односи во врска со рефинансирање на износот од 2.400.000,00 денари, кој СДЦ го пренела на сметката на ЦИРа согласно Трипартитниот договор и Договорот за имплементација на проект, а кој износ ЦИРа не го употребила за целта за кој е наменет, во рокови и под услови како што е определено со овој Договор.

ВРЗ ОСНОВА НА ПОГОРЕ НАВЕДЕНОТО, СТРАНИТЕ се договорија како што следи:

Член 1

СДЦ е согласна да и исплати на Општина Гази Баба износ од 2.400.000,00 денари со оглед дека овој износ кој е исплатен од страна на СДЦ на ЦИРа не е префрлен од ЦИРа на Општина Гази Баба за реализација на Трипартитниот договор и Договорот за имплементација на проект.

Износот од 2.400.000,00 денари СДЦ ќе го исплати на трезорската сметка на Општина Гази Баба - 100000000063095, сметка на буџетски корисник– 777014107678515, приходно конто 743211, потпрограма 00 во рок од 30 дена по потпишувањето на овој Договор.

Член 2

Со склучувањето на овој Договор, Општина Гази Баба отстапува дел од Побарувањето на СДЦ во износ од 2.400.000,00 денари и СДЦ е овластена да заведе извршна постапка против ЦИРа за намирување на дел од Побарувањето во износ од 2.400.000,00 денари. Останатиот дел од Побарувањето на име законска камата и процесни трошоциво износ од 95.836,00 денари определени со пресудата на Основен суд Скопје 4 ТС 361/15 од 16.05.2016 година, има право да го наплати Општина Гази Баба.

Општина Гази Баба се обврзува на СДЦ да му ги достави сите потребни документи потребни за заведување на извршна постапка против ЦИРа и за наплата на отстапениот дел од Побарувањето во износ од 2.400.000,00 денари.

Општина Гази Баба се обврзува, без приговор и на прв повик од СДЦ, а најдоцна во рок од три (3) дена од писмениот повик од СДЦ, да му го пренесе на СДЦ било кое побарување во износ кој би му го досудил судот или друг надлежен орган во било која постапка спрема ЦИРа и/или основачите на ЦИРа и/или одговорните лица на ЦИРа поради неисполнување на обврските од страна на ЦИРа по Трипартитниот договор и Договорот за имплементација на проект.

Општина Гази Баба се обврзува во случај на било која истражна, кривична, граѓанска или друга постапка против и/или во врска со ЦИРа, основачите на ЦИРа и/или одговорните лица на ЦИРа, ваквите постапки да ги води внимателно и стручно, да ги искористи сите правни лекови и средства во било која судска инстанца или инстанца на друг надлежен орган, со цел ваквите постапки да завршат целосно во полза на Општина Гази Баба.

Општина Гази Баба се обврзува дека без изрична писмена согласност на СДЦ нема да иницира и води постапка за присилно исполнување на побарување кое би му го досудил судот или друг надлежен орган во било која истражна, кривична, граѓанска или друга постапка со сите споредни побарувања (законска казнена камата и трошоци) спрема ЦИРа и/или основачите на ЦИРа и/или одговорните лица на ЦИРа поради неисполнување на обврските од

страна на ЦИРа по Трипартитниот договор и Договорот за имплементација на проект, ниту пак дека ќе се повлече или ќе се откаже од истото.

Доколку Општина Гази Баба прими каква било уплата од ЦИРа, основачите на ЦИРа и/или одговорните лица на ЦИРа, или било кое друго лице по основ на и/или во врска со обврската на ЦИРа по Трипартитниот договор и Договорот за имплементација на проектот, Општина Гази Баба се обврзува примениот износ веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена по приемот, да го уплати на сметката на СДЦ.

Страните се согласни заеднички да ги сносат трошоците во врска со било која постапка против ЦИРа иницирана и спроведена од страна на Општина Гази Баба.

Општина Гази Баба се обврзува да го искористи износот од 2.400.000,00 денари наведен во член 1 од овој Договор согласно Трипартитниот договор. Општина Гази Баба се обврзува да и достави на СДЦ потврда дека износот од 2.400.000,00 денари е искористен во согласност со Трипартитниот договор.

Доколку Општина Гази Баба прекрши било која од одредбите наведени во овој Договор, вклучувајќи, но неограничувајќи се на употребата на износот од 2.400.000,00 денари во согласност со точка 5 од овој Договор, СДЦ има право да го побарува износот од 2.400.000,00 денари од Општина Гази Баба.

Општина Гази Баба се обврзува да го извести ЦИРа за отстапувањето на побарувањето наведено во член 2 став 1 од овој Договор.

Член 3
*Извршна клаузула*

Страните се согласни овој Договор да биде потврден (солемнизиран) од страна на надлежен нотар и дека истиот ќе има својство на извршна исправа, согласно кој СДЦ ќе може да бара извршување спрема Општина Гази Баба преку овластен извршител во согласност со Законот за извршување, за намирување на своите побарувања кои произлегуваат од овој Договор, вклучувајќи, но неограничувајќи се на побарувањата од член 2 став 1, член 2 став 3, член 2 став 6 и член 2 став 9 од овој Договор, вклучувајќи и било која камата и трошоци.

Сите трошоци за извршување, вклучувајќи, но неограничувајќи се на надоместот за извршување, надоместот на нотарот, адвокатските трошоци и другите трошоци кои што произлегуваат од извршувањето, во таков случај ќе бидат на товар на Општина Гази Баба.

Општина Гази Баба се согласува дека надлежниот нотар ќе биде овластен да стави извршна клаузула на овој Договор врз основа на еднострана изјава дадена од страна на СДЦ со која СДЦ ќе го определи износот на побарувањето и ќе потврди дека побарувањето не е исполнето и дека е пристигнато за наплата.

Трошоците за солемнизација на овој Договор пред надлежниот нотар се на товар на СДЦ.

Член 4
Со исплатата на износот наведен од член 1 од овој Договор и со отстапувањето на побарувањето од член 2 од овој Договор, не се ограничува правото на СДЦ да бара исплата на евентуална штета или било какво друго побарување од страна на ЦИРа, основачите на ЦИРа и/или одговорните лица на ЦИРа.

Член 5

Страните се согласни во случај на спор кој би произлегол од овој Договор надлежен да биде Основниот суд во Скопје.

Член 6

Секоја измена или дополнување на овој Договор ќе биде обврзувачка само доколку истата биде склучена во писмена форма.

Овој Договор за уредување на меѓусебни односи е сочинет во 3 - три еднообразни примероци од кои по 1 - еден за договорните страни, а останатиот примерок за нотарот, односно за службена употреба.

ВО ЗНАК НА СОГЛАСНОСТ НА СВОИТЕ ВОЛЈИ, договорните страни го потпишаа овој Договор за уредување на меѓусебни односи.

За СДЦ: За Општина Гази Баба: ''

**Член 2**

Договор за уредување на меѓусебните односи, помеѓу Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) - Амбасада на Швајцарија во Република Македонија и Општина Гази Баба, ќе го склучат овластените претставници на договорните страни во согласност со одредбите од оваа одлука.

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба во името на Општина Гази Баба да го склучи договорот за уредување на меѓусебните односи, помеѓу Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) - Амбасада на Швајцарија во Република Македонија и Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2118/12**
**од 30.06.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . . . . . . 2

**РЕШЕНИЕ** за изменување на решението за избор на Верификациона комисија на Совет на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на Верификационата комисија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за донесување на Процена на загрозеноста на безбедноста на подрачјето на Општина Гази Баба од сите ризици и опасности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2017 година . . . . 12

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства за лекување во Сојузна Република Германија . . . . 35

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак и изградба на резервоар за висока зона за село Раштак" . . . . . . . . . 37

**ОДЛУКА** за давање овластување на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39

**ОДЛУКА** за давање согласност за склучување на договор за уредување на меѓусебните односи, помеѓу Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) - Амбасада на Швајцарија во Република Македонија и Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.05/17**

**60 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци